МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5420/**

# З А П И С Н И К

**Од 193.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 19.08.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв Програмски сервис МТВ. |

***193.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 192.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Информација за правилата и начинот на медиумското покривање на МРТ за Локални избори за градоначалник на Општина Маврово и Ростуше, Центар Жупа и Совет на Општина Тетово кои ќе се одржат на 20 август 2022 година.

3. Разгледување на Извештај со податоци на АВМУ за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици за периодот јуни-јули 2022 година, со акцент на поставеноста на МРТ

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 192.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 192.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 192.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 192.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Информација за правилата и начинот на медиумското покривање на МРТ за Локални избори за градоначалник на Општина Маврово и Ростуше, Центар Жупа и Совет на Општина Тетово кои ќе се одржат на 20 август 2022 година.**
Членот Ристе Панов како иницијатор на оваа точка објасни дека иако се овие мали избори по обем сепак не треба да се занемарат од страна на МРТ како јавен радиодифузен сервис, и дека како Програмски сервис треба да сме инфромирани за Правилата за и начинот на медиумското покривање од страна на МРТ.
Анета Андонова Главен и одговорен уредник на Прв Програмски сервис МТВ на почетокот од расправата по оваа точка објасни дека од моментот кога беа објавени листите стапено е во контакт со Агенцијата за медиуми, од кои ни беше објаснето дека овие избори нема да ги мониторираат, туку само ќе постапуваат по преставки, но сепак дека треба да се придржуваме до Изборниот законик,Законот за медиуми и секако да бидеме избалансирани и непристрасни во известувањето.
На тема правила ние постапивме исто како што беше со примерот на изборите во о.Пласница, односно по принципот со третини.Но оваа поделба е тешко да се одржи математички и многу не обременува и се покажа како неодржлив принцип кај нас, и затоа во согласност со интензитетот на настаните ние се трудевме да известувавме подеднакво за сите партии и независни листи.
Ние најмногу посветивме внимание на предизборниот молк кој се совпадна со Филмскиот фестивал „Манаки“, односно неговото отварање со изборниот молк и затоа одлучивме да го емитуваме нареден ден.

**ТОЧКА3:Разгледување на Извештај со податоци на АВМУ за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици за периодот јуни-јули 2022 година, со акцент на поставеноста на МРТ.**
Членот Ристе Панов како иницијатор на оваа точка даде вовед и истакна дека повод за оваа точка е да ги следиме и разгледаме споредбени податоци на јавното мислење, за да се види фидбекот на јавноста во однос на гледаноста и слушаноста на јавниот сервис, што е и наша надлежност на ПС за следењето на јавноста.
Податоците на Агенцијата за медиуми се добиени со истражување на јавното мислење и се однесуваат на: просечниот досег на слушаноста на радиостаниците и на гледаноста на телевизиите, меѓу кои и на МРТза периодот јуни-јули 2022 година.
Во некои делови направи споредба на податоците од последниот извештај за месеците јуни-јули оваа година со годишниот извештај за 2021 година.
Во Македонија процентот на слушаност на радио изнесува од 22 до околу 25 %.
Податоците од ланскиот годишен извештај со податоците за месеците јуни-јули се поклопуваат во делот на слушаноста на радијата на државно ниво.
Па така најслушано радио е Антена 5 со просечна слушаност за лани со 9,7%, на второ место е Канал 77 со просечна слушаност 6,4% и на трето место доаѓа Македонско радио кој за лани во просек било слушано со 3,8% на годишно ниво, додека за месеците јуни и јули оваа година Македонско радио било слушано 3,4%.Додека четврто место и во двата случаи го држи Метрополис со 1,7%.

Овие процентуални податоци се од прашањето „Кои радиостаници ги слушале вчера? Што значи Македонско радио континуирано го држи третото место по слушаност на радија на државно ниво, со константен процент околу 3,8 % за ланската година и за последните 2 месеци со 3,4%.
Граѓаните на Македонија најмногу слушат радио во периодот од 8 до 16 часот, а пикот на слушање е во попладневните часови.
Содржини од радиото што ги слушаат граѓаните за последните месеци јуни-јули се 71% музика, 19% информативна програма, со околу 5% утринска програма, потоа следува спортска програма, па образовна и документарна програма и друго.
Еден интересен податок, преку кои уреди граѓаните гослушале радиото, 22,8 % се изјасниле дека радио слушаат преку, он лајв стрим, потоа на апликација на радио и др, а додека 77,2 % радиото го слушале преку музички уред. Оваа значи дека сега и во иднина се повеќе радиото ќе се слуша преку интернет.Затоа Македонското радио треба да фати чекор со моменталниот тренд и да настојува да вложува за достапноста на слушањето на радиата преку интернет.
Според полот Македонското радио речиси дупло го слушаат мажи со 64%, додека возрасна популација што го слуша Македонско радио најмногу луѓе од 50 до 59 години, потоа категоријата од 30 до 49 години. За споредба водечката Антена 5 го слушаат помладата популација.
Во однос телевизијата, на тоа што гледале граѓаните на ТВ најмногу се изјасниле дека гледаат вести со 37%, потоа информативна програма 23%, трето што гледаат 9 % забавна и музичка програма, на на 4 место доаѓаат сериските филмови со 8,8%. Оваа се добри показатели,на што треба Македонската телевизија да се насочи. Според изјаснувањето преку 60% граѓаните на ТВ сакат да гледаат вести и информативна програма. Тука МТВ треба да биде во многу подобра гледаност со зајакнување на овие две програми, ако овој висок процент на граѓани од 60% сакаат вести и информативна програма тогаш треба МТВ да поработат на збогатување со информативни емисии и квалитетни вести.
Ако ги споредиме годишниот извештај за 2021 година МТВ1 во сите квартали го задржува третото место од 17 до 27 % гледаност, после Сител и Канал 5 во однос на проашањето кои домашни и странски канали граѓаните ги гледале вчера.
За МТВ2 за разлика од ланското 22 место, за последните месеци е искачена на 13 место, но во суштна имаме констатна публика која го следи МТВ2 за кој лани била во просек 2,93% , а сега за последните месеци гледаноста благо се покачила на 3,29%.
За МТВ3 на годишно ниво лани гледаноста во просек била 1.37 % , но за овие два месеца драстично паднала гледаноста дури двојно на 0,58 %.
МТВ4 ланскиот годишен просек на гледаност бил 0,05% , а за оваа година е покачен на 0,58 %.
МТВ5 ланскиот просек бил 0,48% а за овие 2 месеца просекот на гледаност благо се зголемил на 0,54%.
Истиот сооднос е и за прашањето што го одговориле граѓаните кои домашни канали ги гледале во текот на мината седмица.?
МТВ1 е пак на 6 место со 19%, а пред него на пето место е ТВ Алсат - М со 22,92%, а по МТВ1 на седмо место се 24 вести со 16%. Само за споредба лани МТВ1 за оваа прашање одговориле дека МТВ1 го следеле 35,78%.Значи МТВ1 од ланските 35% паднал на 19 % гледаност сега.
На истото прашање за МТВ2 одговориле дека во месеците јуни-јули ја гледале 6,08% , за разлика од ланскиот годишен просек 5,49%.Значи дека МТВ2 има благо покачување на гледаноста во одност на ланскиот просек.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка беа разгледани три дописи пристигнати до Програмскиот совет:
-Програмски интерес за бесплатно емитување на филмот „Моето езеро" со бр.14-5154/4.

-Барање од Сузана Пандурска Стручен соработник 2 во Оделение за план на МТВ со бр.04-5256/1.
-Барање од Државна комисија за спречување на корупцијата со бр.09-7031/5.

Дописите беа разгледани од страна на членовите на Програмскиот совет и беше договорено по барањето од Државна комисија за спречување на корупцијата службите да подготват одговор и истиот да биде доставен на увид до членовите на советот, додека по барањето на вработената Сузана Пандурска иако советот нема удел и надлежност по однос на ваквите барања, одлучи дека на истото барање советот гледа позитивно и дава поддршка за ваквите предемти да бидат решени во корист на вработениот.

По однос на оваа точка членот Анита Латифи го предложи следниов Заклучок:
● Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави до Програмскиот совет на разгледување Годишен План за вработување на ЈРП МРТ за 2022 и 2023 година.

-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 12:20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател